# Политика за здравје и безбедност

Здравјето и безбедноста на нашите вработени, договорните изведувачи и гостите се во преден план на нашите деловни напори. Универзал е посветен на превенција од повреда и болест на работното место преку силно здравствено и безбедносно управување, зајакнување на позицијата и одговорноста на вработените, и стриктно почитување на здравствената и безбедносната политика. Здравјето и безбедноста се без дискусија приоритет во нашата култура.

**Управување со здравјето и безбедноста**

Професионалната здравствена и безбедносна програма на Универзал е во примена и служи како основа за нашите здравствени и безбедносни напори. Нашите работни активности ќе се ускладат со програмата преку локални политики, процедури и инструкции за локална инфраструктура, опрема и процеси напоредно со Прирачникот за здравје и безбедност на Универзал. Дополнително, тие ќе обезбедат средства и обука за нашата работна сила со цел да се охрабри доследната примена и постојаното унапредување. Исто така, тие ќе обезбедат соодветна лична заштитна опрема и ќе известуваат и ќе ги анализираат здравствените и безбедносните податоци во врска со пропустите и инцидентите. Како дел од системот на управување, тие ќе превземат здравствени и безбедносни проценки на ризиците, ќе вршат инспекција и ревизија, ќе ги мерат остварувањата и ќе применат корективни активности во случаите кога тоа е неопходно.

**Јакнење на улогата и одговорноста на вработените**

Секој вработен, раководител или директор има одговорност за создавање и одржување на безбедна и здрава работна околина. Универзал како целина мора да се придржува кон постоечките национални, државни и локални закони и подзаконски акти кои се однесуваат на здравјето и безбедноста. Од секој вработен, раководител и директор се очекува да ги извршува неговите или нејзините обврски согласно политиката на Универзал, меѓу другото, следејќи ги здравствените и безбедносните правила и практики, и да известува за несреќни случаи, повреди и небезбедна опрема, практики или услови. Стандардите за безбедност не смеат никогаш да бидат занемарени или пак избегнати. Покрај тоа, безбедно и здраво работно опкружување значи работно место ослободено од насилство. Заканите со насилство или вознемирување нема да бидат толерирани.

**Законска усогласеност**

Компаниите на Универзал ќе оддржуваат целосна усогласеност со здравствените и безбедносните закони и прописи, и ќе соработуваат со локалните власти во одржувањето на силна програма за здравје и безбедност. Како дел од нашите напори за зајакнување на ланецот на снабдување, Универзал ќе ги охрабри нашите снабдувачи и други партнери да создаваат и одржуваат здрава и безбедна околина во согласност со здравствената и безбедносната регулатива.

Регулативата ќе биде редовно преразгледувана од страна на Комитетот за номинација и корпоративно управување на корпорацијата Универзал и во неа ќе се внесуваат измени доколку за тоа постои потреба.